РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-310/2

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 60 -та седница одржано на ден 31.01.2022 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата заведена под број 12-310/1 од 17.01.2020 година доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што предметно дејствие било преземено пред повеќе години со што настапила застареност на постапката, што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања и ДКСК не е во можност да постапи по предметниот случај и да поведе било каква постапка по однос на овие предметни наводи.

Предметот со број 12-310/1 од 17.01.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-310/1 од 17.01.2020 година по која е оформен предмет со наводи за неправилно и несовесно работење во Општина Илинден по однос на вработување на службени лица кои како советници биле вработени во општинската администрација во периодот 2009-2013 односно 2013-2017 година.

Ценејќи ги наводите во пријавата, ДКСК констатира дека вработувањето т.е. конкретното предметно дејствие било преземено пред повеќе години со што настапила застареност на постапката, па оттаму ДКСК не е во можност да постапи по предметниот случај и да поведе било каква постапка по однос на овие предметни наводи.

Со оглед на констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК